# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА
НА ООУ„ИЛИНДЕН“- КРИВА ПАЛАНКА
ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

**Јули, 2024**

# С о д р ж и н а

1. Вовед.......3
2. Лична карта на училиштето.......4
   2.1.Општи податоци за училиштето.......4
   2.2.Податоци за вработените.......5
   2.3.Податоци за учениците.......6
3. Услови во кои работи училиштето.......6
4. Мисија и визија на училиштето .......8
5. Планирање и реализација на воспитно-обрзовната работа.......9
   5.1. Задолжителна и изборна настава .......9
   5.2. Додатна и дополнителна настава.......11
   5.3. Вонфнаставни активности.......11
6. Заштита и унапредување на здравјето.......16
7. Соработка на основното училиште со родителите.......17
8. Работа со ученици со посебни потреби.......17
9. Успехот и редовноста на учениците.......18
10. Проекти кои се реализираат во училиштето.......19
11. Извештај за работата на управните, раководните, стручните и други органи и тела во училиштето.......26
    11.1. Извештај за работата на Директорот.......31
    11.2. Извештај за работата на Училишниот одбор .......23
    11.3. Извештај за работата на Наставничкиот совет.......32
    11.4. Извештај за работата на стручните соработници.......32
    11.4.1. Извештај за работа на училишната библиотека во ООУ „Илинден“ - Крива Паланка за учебната 2023-2024 година.......33
    11.5. Извештај за работата на стручните активи.......36
.   11.6. Извештај за работата на Совет на родители.......44
..  11.7.Извештај за работата на Училишната заедница.......45
    11.7.1 Извештај за работата на Училишната заедница.......45
    11.7.2. Извештај за работа на Детската организација.......50
    11.8. Извештај за работа на Основната организација на ПЦК при ООУ„Илинден“- Крива Паланка.......53
    11.9. Извештај за работа на Медиумски клуб.......55
    11.10. Извештај за работа на МИО активности.......56

12. Професионален развој на наставниците и стручните соработници....................59
13. Соработка на училиштето..........................................................................60
14. Заклучни согледувања...............................................................................61

Прилог за податоците за постигнатиот успех, редовноста и поведението кај учениците од I-IX одделение од учебната 2023/24 година ..............................................................63

# 1. В О В Е Д

ООУ „Илинден“ Крива Паланка го изработува Годишниот извештај за работа, врз законска основа за донесување на Годишната програма за работа на општинското основно училиште, која е регулирана во член 49 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19) и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000 и 44/2002).

Документи врз кои се темели Годишниот извештај се:
- Годишната програма за работа на училиштето;
- Законот за основно образование;
- Националната програма за развој на образованието;
- Наставните планови и програми;
- Концепцијата за деветгодишно образование;
- Статутот на училиштето;
- Програмата за развој на училиштето;
- Програмата за работа на училиштето од 2023/24 година;

Во Извештајот се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната 40-часовна работна недела и содржи факти и информации од аспект на:
- ангажирање на наставниците во реализацијата на наставата;
- ангажирање на наставниците во реализацијата на значајните активности: значајни датуми, екскурзии, ученички натпревари, изложби, конкурси и сл.;
- ангажирање на наставниците во работата на стручните органи: одделенско раководство, одделенски совети, стручни активи, наставнички совет и други стручни тимови;
- ангажирање во реализацијата на програмите на другите органи и организации: совет на родители, училиштен одбор, одделенски заедници, детска организација, ученички клубови, спортски активности и сл.;
- ангажирање во реализацијата на други посебни програми од воспитно-образовниот процес;
- ангажирање во реализацијата на програмата за стручно усовршување и професионален развој на кадарот;
- соработка со родителите, соработка со општината, соработка со бизнис заедницата, соработка со Министерството за образование и неговите единици, соработка со невладини организации, соработка со други училишта;
- ангажирање во реализацијата на програмите за унапредување на наставата и оценувањето;
- ангажирање на стручните соработници во реализацијата на нивните програми.

Извештајот е разгледан и усвоен од Наставничкиот совет и Училишниот одбор.

# 2.Лична карта за училиштето

## 2.1.Општи податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ„Илинден“ |
| Адреса, место, општина | Ул.„Наско Тамбурков“бр.80 Крива Паланка |
| Телефон | 031 375-078 |
| Факс | 031 375-078 |
| Веб-страница | ouilinden.edu.mk |
| Е-маил | ouilinden@yahoo.com |
| Основано од | Влада на Р.С.Македонија |
| Верификација-број на актот | 10-2481/3 од 02.09.1996г. |
| Година на изградба | 1974 |
| Тип на градба | Тврда |
| Бруто површина | 6520м² |
| Нето површина | 6017м² |
| Број на подрачни училишта | 3 |
| Вкупен број на училишни згради | 5 |
| Број на спортски терени | 3 |
| Број на училници | 45 |
| Број на паралелки | 41+2 комбинирани |
| Училишна библиотека, медијатека | 2+1 |
| Училиштето работи во смена | Една смена |
| Начин на загревање на училиштето | Парно греење на екстра лесно масло во матично училиште и дрва во подрачните училишта |

## 2.2.Податоци за вработените

| | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | М | Ж | М | ж | М | Ж | м | ж | м | Ж |
| **Број на вработени** | 83 | 24 | 59 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на наставен кадар** | 60 | 16 | 44 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Број на стручни соработници** | 5 | | 5 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Административни работници** | 3 | 1 | 2 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Техничка служба** | 14 | 7 | 7 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Директор** | 1 | | 1 | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Образовни медијатори** | 1 | | 1 | | | | | | | | |

## *Степен на образование на вработени*

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Последипломски студии-втор циклус** | 1 |
| **Високо образование** | 60 |
| **Виша стручна спрема** | 7 |
| **Средно образование** | 14 |
| **Основно образование** | 1 |

## *Старосна структура на вработени*

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| **20 – 30** | 5 |
| **31 – 40** | 19 |
| **41 – 50** | 29 |
| **51 – 60** | 20 |
| **61 – пензија** | 10 |

## 2.3. Податоци за учениците

| Одделение | Бр. на паралелки | Бр. на ученици | Етничка и родова структура на учениците | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | | М | ж | м | Ж | м | Ж | м | ж | м | Ж |
| I | 4 | 50 | 24 | 22 | / | / | / | / | 1 | 3 | / | / |
| II | 3 | 39 | 21 | 13 | / | / | / | / | 2 | 3 | / | / |
| III | 5 | 49 | 26 | 18 | / | / | / | / | 3 | 2 | / | / |
| IV | 6 | 67 | 33 | 28 | / | / | / | / | 2 | 4 | / | / |
| V | 5 | 56 | 30 | 21 | / | / | / | / | 2 | 3 | / | / |
| VI | 5 | 74 | 30 | 38 | / | / | / | / | 3 | 3 | / | / |
| VII | 5 | 61 | 33 | 26 | / | / | / | / | 2 | / | / | / |
| VIII | 5 | 82 | 40 | 39 | / | / | / | / | 2 | 1 | / | / |
| IX | 5 | 65 | 29 | 32 | / | / | / | / | 1 | 3 | / | / |
| Вкупно | 43 | 543 | 266 | 237 | / | / | / | / | 18 | 22 | / | / |

# 3. Услови во кои работи училиштето

Општинското основно училиште „Илинден“ е лоцирано на улица ,,**Наско Тамбурков“ бр. 80** во Крива Паланка. Училиштето работи во една зграда, а воспитно-образовната дејност се реализира во една смена. Наставата во училиштето се реализира на македонски наставен јазик.

Во составот на основното училиште постојат подрачни деветогодишни основни училишта во селата Конопница и Луковица и Мождивњак 1 и едно петгодишно во с. Мождивњак 2, каде наставата се изведува за учениците од **I** до **V** одделение.

Наставниот план и програми во училиштето во учебната **2023/2024** година ги реализираат **23** наставници во одделенска настава од **I** до **V** одделене и **38** наставници во предметна настава од **VI** до **IX** одделение.

Оваа учебна година имаме вкупно **43 паралелки**, од кои чисти паралелки се **41** и **2** се комбинирани и тоа во ПОУ во Мождивњак 1, комбинирани со ученици од II и IV одделение и I и III одделение.

Во ООУ „Илинден“ на почетокот на оваа учебна година се запишани вкупно **546** ученици. Во текот на првото полугодие 9 ученици се испишани, а се запишани 3 ученици, а во второто полугодие 3 ученици се испишани, а се запишани 6 ученика кои се вратија од странство и беа упатени на одделенски испит,  со што вкупната бројка изнесува **543 ученици**, за разлика од минатата година кога бројката изнесуваше **561** ученика. Од вкупниот број ученици **382** се во матичното училиште, **101** ученик се во ПОУ Конопница, **58** ученици се во ПОУ Мождивњак 1 и **2** ученика се во ПОУ Мождивњак 2.

***Општа констатација е дека бројот на учениците од година во година постепено опаѓа и е намален за 18 ученици.***

Во ООУ „Илинден“ во учебната **2023/2024** година воспитно-образовниот процес се реализира согласно Календарот за организација и работа на училиштата.

На почетокот на учебната година извршена е и организациско-оперативна и кадровска подготвеност – распределба на одделенија, паралелки, поделба на часови и одделенски раководители. Конкретизирани се и други задолженија на наставниците во рамките на четириесет часовна работна седмица.

Пред почетокот на учебната година се обезбедени потребните хигиенско-технички услови за работа, односно сите училишни згради се генерално исчистени, променет е дел од дотрајаниот училишен инвентар, со санација на сите оштетувања на водовод и електрика во училиштето. Што се однесува на основниот инвентар, тој се обновува секоја година, но поради оштетување на истиот се јавува потреба од негово повторно обновување и надополнување како и набавка на нагледни средства. Континуираното модернизирање на просторните капацитети и дидактички средства се прави со цел да се задоволат потребите на учениците и вработените и да се создадат пријатни услови за учење и реализирање на воспитно-образовната работа.

Од активностите за подобрување на опременоста на училиштето предвидени со Годишната програма за работа на училиштето во текот на оваа учебна година се реализирани неколку активности меѓу кои:

- Доопремување со 14 интерактивни табли за потребите на учениците;
- 7 LCD прожектори;
- За потребите на наставата по физичко и здравствено образование се обезбедени повеќе реквизи како 6 топки за одбојка, 6 топки за кошарка, 6 топки за фудбал, 6 топки за ракомет и еден душек;
- Направена е замена со 6 школски табли за учениците од предметна настава во подрачно училиште во Мождивњак 1 и централното училиште;
- Се обезбедени организатори за телефони и поставени во секоја училница во училиштето;
- За сите вработени во училиштето се обезбедени нови мантили;
- Доопремување на училишниот хол со ЛЦД телевизор за реализација на бројни настани, како и вонннаставни активности за учениците;
- Збогатување на библиотечниот фонд со нови лектирни изданија;
- Во дворот на училиштето е направено хортикултурно уредување и тоа во централното училиште и подрачното учуилиште со засадување на зимзелени дрвца;

# 4. Мисијата и Визијата на училиштето

## МИСИЈАТА

На нашето училиште е:

*ПРЕКУ ТИМСКА РАБОТА ПОМЕЃУ НАСТАВНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ВО СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ДА ГРАДИМЕ САМОДОВЕРБА, ОДГОВОРНОСТ, ПОЧИТУВАЊЕ И КРИТИЧКО МИСЛЕЊЕ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ЗА ДА ПОСТИГНЕМЕ ВИСОКИ ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ.*

## ВИЗИЈАТА

Визијата на нашето училиште е истакната на видно место во училишниот хол, а наставниците, училишниот менаџмент, учениците, родителите и претставниците на локалната заедница училиштето го гледаат вака:

*СОЗДАВАМЕ МОДЕРНО УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СЕКОЈ УЧЕНИК ЌЕ ГИ РАЗВИВА СВОИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ. УЧИЛИШТЕ ВО КОЕ СЕ ПОЧИТУВААТ ПРАВАТА НА ДЕЦАТА, ИНКЛУЗИВНОСТ, СИГУРНОСТ, ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ, МУЛТИКУЛТУРНОСТ, КРЕАТИВНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ НА СЕКОЈ УЧЕНИК.*

# 5. Планирање и реализација на воспитно-образовната дејност

Учебната 2023/2024 година започна на на 1 Септември 2023 година и заврши на 17 јуни 2024 година.

Воспитно-образовната дејност во училиштето се одвива според Наставниот план за деветгодишно образование и Наставните програми по секој предмет дадени од Бирото за развој на образованието, одобрени од Министерството за образование и наука. Според податоците добиени од одделенските раководители се констатира дека наставните содржини предвидени со Наставниот план и Наставната програма за оваа учебна година се целосно реализирани.

Годишната програма за работа на училиштето, програмите за работа на сите други органи и тела во училиштето, како и програмите за работа на наставниците се навремено изготвени и прифатени и истите во континуитет се следат од страна на директорот и стручните соработници.

Наставата се изведува според Календар за организација и работата на основните училишта во учебната 2023/2024 година. Во текот оваа учебна година се реализирани вкупно 180 наставни денови, во првото полугодие се реализирани вкупно 82 наставни денови, а во второто полугодие се реализирани вкупно 98 наставни денови, со што планираните часови од редовната настава се реализирани, а со тоа ѝ планираните наставни содржини по сите предмети во сите одделенија.

Училиштето реализира задолжителна настава, изборна настава, дополнителна настава, додатна настава и воннаставни активности.

## *5.1.Задолжителна и изборна настава*

Во текот на оваа учебна година во училиштето се организираше **задолжителна настава** за сите ученици од прво до деветто одделение. Наставата во училиштето се реализира во една смена во сите подрачни и во матичното училиште. Часовите започнуваат во 8:00 часот, седмиот час завршуваат во 13:30 часот.

Наставата во текот на целата учебна година се одвиваше плански. Сите наставници имаа изготвено годишни планирања и програми, планирања за додатна и дополнителна настава и критериуми за оценување. Наставата се изведува во училници и кабинети, интегрирана настава со примена на ИКТ во наставата и современи наставни средства. Во настојувањето за унапредување на воспитно-образовниот процес беа застапени фронтална, групна, индивидуална и други форми на работа со учениците и се користеше ИКТ во наставата. Преку наставата се настојуваше учениците да се оспособат за самостојна работа, при што за успешна реализација на истата се користеа наставно - нагледни средства, и дидактични помагала. Во наставата покрај усното проверување се користеа и контролни вежби, писмени работи и тестови.

Задолжителен прв странски јазик е англискиот јазик кој се изучува од прво одделение до завршување на основното образование, а како втор странски јазик е германскиот јазик кој се изучува од шесто одделение до завршување на основното образование.

**Изборна настава** учениците посетуваат по изборни предмети преку кои им се дава можност да ги прошират и продлабочат своите знаења и да ги развиваат своите индивидуални способности. Изборот на предметите се врши преку анкети кои се спроведуваат во месец мај. Оваа учебна година учениците од VII-IX одделение ги изучуваат следните изборни предмети:

**Изборни предмети за учениците од VII-IX одделение**
**за учебна 2023/2024 година**

| Одд | Изборен предмет | Наставник | Број на паралелки |
|---|---|---|---|
| **VII** | Вештини за живеење | Моника Дејановска | 5 |
| **VIII** | Техничко образование | Даница Крстевска | 5 |
| **IX** | Програмирање | Марија Смиљков | 3 |
| | Вештини за живеење | Јасмина Јовановска | 1 |
| | Нашата татковина | Оливер Георгиевски | 1 |

**Изборни предмети за учениците кои работат според новата Концепција за основно образование**

Во првиот образовен период (I-III одд.) слободните изборни предмети се реализираат во форма на слободни активности што ги води одделенскиот наставник задолжен за паралелката во договор со учениците во траење од 2 наставни часа неделно.

Во вториот образовен период (IV-VI одд.) слободните изборни предмети се определуваат според Водичот за слободни изборни предмети, според кој во првата недела од септември, секој ученик (со поддршка на родителот/старателот), од листата на слободни изборни предмети, избира предмети што ќе ги изучува/следи во тековната учебна година.

Во учебната 2023/24 година учениците од **IV одделение** како слободен изборен предмет во текот на првото полугодие го избраа предметот **Животни вештини,** а во текот на второто полугодие го избраа предметот **Ликовно образование-Сликање/цртање/вајарство**.

**Во учебната 2023/24 година** учениците од **V одделение** како слободен изборен предмет во текот на првото полугодие го избраа предметот **Фигури од хартија-оригами**, а како слободен изборен предмет во текот на второто полугодие го избраа предметот **Разрешување на конфликти.**

Во учебната 2023/24 година учениците од **VI одделение** како слободен изборен предмет во текот на првото полугодие го избраа предметот **Религиите во светот,** а како слободен изборен предмет  во текот на второто полугодие  го избраа предметот **Разрешување на конфликти.**

## 5.2. *Дополнителна и додатна настава*

**Дополнителна настава** наставниците реалзираат со ученици кои покажуваат послаби резултати во учењето или се од оправдани причини подолго време отсутни од наставата. Дополнителната  настава се организира за учениците од II-IX одделение, во текот на целата година, по редовната настава. Сите наставници од VII, VIII и IX одделение, кој работат според старата концепција водат евиденција во посебен образец.

**Додатна настава** се реализира со ученици кои покажуваат посебен интерес за одредена област или предмет. Додатната  настава се организира за учениците од II-IX одделение, во текот на целата година, по редовната настава. Наставниците од VII, VIII и IX одделение кои работат по старата концепција водат евиденција во посебен образец.

Прегледот на вкупниот број на планирани и реализирани часови во дополнителна и додатна настава за учебната 2023/2024 година е прикажан во табелата која е дадена во прилог на овој извештај, посебно за одделенската и предметната настава.

## 5.3. *Вонннаставни активности*

Со учениците од нашето училиште во текот на учебната 2023/2024 година се реализирани повеќе вонннаставни активности, најчесто поврзани со наставните содржини, но и со одбележување на позначајни денови од календарот за работа и од еко-календарот, активности преку кои училиштето се афирмира во локалната средина- спортски и културно-уметнички активности, како учество на учениците  во голем број на проекти кои се реализираат во училиштето меѓу кои:

- Одбележување на Детската недела под мотото **„ Јас и светот околу мене“**
- Учество на ликовни и литературни конкурси;
- Учество на спортски манифестации и сл.
-
- Одбележување на Месецот на штедење преку посета на експозитурата на УНИ Банка учениците од II-1, II-2 и I-3 одделение од нашето училиште на ден 26.10.2023 година и имаа можност искуствено да се запознаат со важноста на штедењето и начинот на работењето на банките;

- Месец на книгата е повод по кој учениците од ПОУ „Илинден“ од с.Мождивњак со нивните наставнички го посетија НУ Центар за култура - Крива Паланка. Учениците ја посетија библиотеката, ликовната изложба и кино салата.

- Содржините кои учениците ги изучуваат по предметот Природни науки честопати полесно се усвојуваат кога ќе можат да се поврзат со секојдневниот живот. За таа цел петтоодделенците денес ги проширија своите знаења за метеоролошките појави, елементи и инструменти со посета на Метеоролошката станица во нашиот град.

- Одбележување на 3-ти декември - **Меѓународниот ден на лицата со попреченост**.

- Според програмата за заштита од насилство учениците учествуваа во повеќе едукативни работилници организирани од претставници од ОВР-Крива Паланка и Црвен Крст.

- Парламентарниот институт го организираше дванаесеттото издание на работилницата **„Детски парламент”**, на која учествуваа 81 ученик од 15 основни училишта од целата држава. Нашите ученици од IX одделение Мери Миленковска, Нина Михајловска, Теодора Станковска и Лукас Стојчевски имаа можност да го претстават нашето училиште на оваа работилница и да ги применат своите знаења стекнати на часот по Граѓанско образование.

- Одбележуање на **„Меѓународен ден на лицата со ретки болести “-** преку низа на активности, учениците испратија порака за поддршка, емпатијата и прифатеноста во светот на ретките болести.

- Одбележување на **„Светски ден на лицата со аутизам“**, со заеднички пораки преку мотото **„Заедно да ги прошириме хоризонтите“,** учениците ги подадоа нивните рачиња за поддршка во светот на различните бои.

Во Годишната програма за работа за учениците се планирани и реализирани повеќе натпревари по следните предмети: математика, биологија, природни науки, физика и англиски јазик.

***ИВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАРИ ПО МАТЕМАТИКА ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА***

| Ред. бр. | Име и презиме на ученикот | Одделение | Општински 02.02.2024 | Регионален 02.03.2024 | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дарија Пешовска | V | I-награда | Пофалница | Јасмина Станковска |
| 2 | Ева Филиповска | V | II-награда | Учество | Јасмина Станковска |
| 3 | Софија Алексовска | V | II-награда | II-награда | Јасмина Станковска |
| 4 | Јована Стаменковска | V | II-награда | Учество | Живка Стоилковска |
| 5 | Константин Митовски | IV | III-награда | Учество | Славица Ристовска |
| 6 | Божил Митовски | IV | Пофалница | II-награда | Славица Ристовска |
| 7 | Давид Николовски | IV | Пофалница | III-награда | Наташа Младеновска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **8** | Игнат Илиевски | V | Пофалница | Учество | Јасмина Станковска |
| **9** | Јован Димитровски | V | Пофалница | Учество | Јасмина Станковска |
| **10** | Војдан Илиевски | V | Пофалница | Учество | Јасмина Станковска |
| **11** | Горас Гоцевси | V | Пофалница | Учество | Живка Стоилковска |
| **12** | Наум Николовски | V | Пофалница | / | Живка Стоилковска |
| **13** | Анабела Китановска | VI | Пофалница | Учество | Рајна Јакимовска |
| **14** | Олег Јосимовски | VII | Пофалница | Учество | Снежана Златковска |
| **15** | Лука Стаменковски | VII | Пофалница | Учество | Снежана Златковска |
| **16** | Михаил Митовски | VIII | Пофалница | Учество | Марија Ристовска |
| **17** | Божица Ивановска | VIII | Пофалница | Учество | Марија Ристовска |

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАРИ ПО БИОЛОГИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА*

| **Ред бр.** | **Име и презиме на ученикот** | **Одделение** | **Општински 16.02.2024** | **Регионален 29.03.2024** | **Државен 08.06.2024** | **Ментор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Теодора Станковска | IX | I-награда | I-награда | III-награда | Ивица Петровски |
| **2** | Мери Миленковска | IX | I-награда | I-награда | II-награда | Ивица Петровски |
| **3** | Нина Филиповска | IX | II-награда | III-награда | / | Ивица Петровски |
| **4** | Јана Пешевска | VII | III-награда | Пофалница | / | Ивица Петровски |
| **5** | Јоана Тодоровска | VII | III-награда | Пофалница | / | Ивица Петровски |
| **6** | Олег Јосимовски | VII | III-награда | Пофалница | / | Ивица Петровски |
| **7** | Михаил Смиљковски | VII | III-награда | III-награда | / | Ивица Петровски |
| **8** | Марија Ивановска | VIII Конопница | II-награда | II-награда | Пофалница | Славица Јакимовска |
| **9** | Синтија Јакимовска | IX Мождивњак | III-награда | III-награда | / | Славица Јакимовска |

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАРИ ПО ПРИРОДНИ НАУКИ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА*

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на ученикот** | **Одделение** | **Општински 23.02.2024** | **Регионален 05.04.2024** | **Државен 15.06.2024** | **Ментор** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Коста Стојановски | IV | II-награда | III-награда | / | Славица Ристовска |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Јана Крстевска | IV | III-награда | III-награда | / | Славица Ристовска |
| 3 | Антон Вучевски | IV | III-награда | III-награда | / | Славица Ристовска |
| 4 | Лана Ѓеоргиевска | IV | III-награда | Пофалница | / | Славица Ристовска |
| 5 | Павел Јовановски | IV | Учество | / | / | Славица Ристовска |
| 6 | Ева Филиповска | V | I-награда | III-награда | / | Моника Дејановска |
| 7 | Миа Николовска | V | I-награда | Пофалница | / | Моника Дејановска |
| 8 | Софија Алексовска | V | II-награда | II-награда | III-награда | Моника Дејановска |
| 9 | Лара Павловска | V | III-награда | III-награда | / | Моника Дејановска |
| 10 | Андреј Тодоровски | V | III-награда | Пофалница | / | Моника Дејановска |
| 11 | Јована Стаменковска | V | III-награда | III-награда | / | Моника Дејановска |
| 12 | Лука Трајчевски | V | III-награда | Пофалница | / | Моника Дејановска |
| 13 | Матеј Велиновски | V | III-награда | III-награда | / | Моника Дејановска |
| 14 | Алексеј Маџовски | V | III-награда | Пофалница | / | Моника Дејановска |

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАР ПО ФИЗИКА ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА*

| Ред. бр. | Име и презиме на ученикот | Одделение | Општински 09.02.2024 | Регионален 06.04.2024 | Државен 01.06.2024 | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Михаил Митовски | VIII | Учество за регионален | Учество за државен | Пофалница | Рајна Јакимовска |
| 2 | Божица Ивановска | VIII | Учество за регионален | | / | Рајна Јакимовска |

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА НАТПРЕВАРИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА*

| Ред. бр. | Име и презиме на ученикот | Одделение | Општински 16.03.2024 | Регионален | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Теодор Ѓоргиевски | V | Учество | / | Драгана Тројановска |
| 2 | Нела Пешовска | V | Учество | / | Драгана Тројановска |
| 3 | Анастасија Стојановска | VI | Учество | / | Адријана Додевска |
| 4 | Лана Павловска | VI | Учество | / | Адријана Додевска |
| 5 | Јоаким Митовски | VIII | II-награда | / | Адријана Додевска |
| 6 | Михаил Смиљковски | VIII | Учество | / | Адријана Додевска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7** | Лука Димитровски | IX | III-награда | III-награда | Сања Јанковска |
| **8** | Нена Тодоровска | IX | III-награда | III-награда | Сања Јанковска |

Од екскурзиите планирани со Годишната програма за работа, реализирани се:

- Еднодневен есенски излет во блиската околина со сите ученици од нашето училиште.

- Учениците од **трето** оддление од нашето училиште уживаа во убавините на Битола. Го посетија Музеј Битола - Bitola Museum, спомен собата на Мустафа Кемал Ататурк, се прошетаа низ прекрасниот Широк сокак во Битола и уживаа на Плоштад Магнолија кој претставува синоним за раскошна убавина полна со историја. Имаа можност да ја видат Саат кулата и да се восхитуваат на нејзината градба. Низ дружење учеа и ги проширија своите знаења.

- Со учениците од **деветто** одделение во периодот од 18.10.2023-20.10.2023 година се реализираше тридневна екскурзија низ Западниот дел на Македонија. Екскурзијата беше реализирана со 56 ученици и пет наставници од централното и подрачните училишта. Целта на истата беше запознавање со прирдните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски одбележја, релјефот како и запознавање со историјата на овие подрачја. Учениците имаа можност да се запознаат со убавините во Охрид како образовен центар и извор на писменоста на сите словенски народи.

- Со учениците од **шесто одделение** во период од 15.04.2024-16.04.2024 година се реализираше дводневна екскурзија низ Источниот дел на Македонија. Екскурзијата беше реализирана со 65 ученици и пет наставници од централното и подрачните училишта во Дојран, хотел „Полин“„. Учениците имаа можност за посета на соседните градови, запознавање со нивните знаменитости, историјата и природно-географски обележја како што се: Стоби, Лесновски манастир и слично.

- Еднодневен пролетен излет на 28.05.2024 година во блиската околина со сите ученици од нашето училиште.

- Со учениците од **петто одделение** во период од 29.05.2024-31.05.2024 година се реализираше тридневна Настава во природа во Охрид, во хотел Монтенегрин со 40 ученици и 5 одделенските наставници и тандем наставникот по ФЗО. Целите на оваа настава во природа беа во целост исполнети и учениците се вратија со многу убави впечатоци и спомени.

# 6. Заштита и унапредување на здравјето

Училиштето континуирано се грижи за здравјето на учениците од повеќе аспекти: систематски прегледи, вакцинации, едукативни предавања и сл. Во текот на оваа учебна година во соработка со Здравствен дом - Крива Паланка со учениците од I; III; V; VII и IX одделение е реализиран систематски и стоматолошки преглед. Учениците од VIII одделение се вакцинирани според календарот за имунизација, а во период од 8.11.2023 до 6.12.2023 година со учениците од V одделение е реализиран превентивен стоматолошки преглед - залевање и резалевање на фисули.

Врз основа на Годишната програма работа за 2023/2024 година на 14,15,16.11.2023 година во централното училиште и на 30.11.2023 година со учениците од I и IV одделение се реализирани едукативни работилници на тема **„Орално здравје, градба и функција на оралната празнина** и **„Правилна исхрана и контрола на внес на шеќери“** Овие две предавања беа одржани од страна на Др. Лиле Стојановска, стоматолог во Здравствен дом-Крива Паланка. Учениците беа запознаени со важноста на оралното здравје , како и контрола на внесот на шеќери во организмот.

На 16, 17.05. 2024 година, со учениците од I и IV одделение беше реализирана едукативна работилница на тема **„Залевање на заби и фисули“.**

. Покрај грижата за здравјето на учениците, училиштето води грижа и за здравјето на вработените. Пред почетокот на учебната година вработените извршија систематски преглед во ПЗУ „ Медика С“ кој редовно се врши на секои три години, а еднаш годишно сите вработени се упатуваат на редовен санитарен преглед во Здравствен дом-Крива Паланка.

На 31.05.2024 година како дел од проектот „**Училишта што го унапредуваат здравјето“,** по повод Светски ден без тутун, беа реализирани активности за подигнување на свеста кај учениците за штетното влијание на тутунот врз здравјето на децата. Претставници од Институтот за јавно здравје проф. Д-р. Елена Ќосевска и д-р Татјана Лековска-Стоицовска реализираа работилница со учениците од VI, VII, и VIII одделение на тема „Училиште без тутун“.

Проектот **„Едукативно-креативен колаж за подобро ментално здравје“-** се одржаа работилници унапредување на менталното здравје во ООУ „Илинден“ на тема „Емоционална интелигенција“, опфаќајќи ги комонентите, потешкотиите и предизвиците со кои се соочуваат децата и младите при изразување на емоциите. Со овие работилници, целта е да се стекнат вештини кај учениците за справување со емоциите, како и зајакнување на капацитетите на училишните претставници за превенција и развој на менталното здравје кај децата и адолесцентите.

Покрај тоа стручната служба, одделенските раководители и наставниците според своите програми за работа реализирааа едукативни работилници за здрава исхрана и работилници за унапредување на здравјето и превенција од зависности.

# 7. Соработка на основното училиште со родителите

Информираноста на родителите од оваа учебна година е подобрена и е на повисоко ниво, односно родителите преку електронскиот дневник ќе добиваат неделни извештаи за активностите на нивните деца на училиште.

Соработката со родителите се реализира и преку индивидуални и групни средби на кои се дискутира за напредокот и постигнувањата на учениците, нивниот успех, поведение и изостаноци и се работи на надминување на утврдени проблеми на ученикот. Во текот на оваа учебна година се реализирани **пет групни родителски средби**. Континуирано, во текот на целата учебна година во соработка со одделенските раководители се вршеа редовни месечни прегледи на состојбите во паралелките, при што се идентификуваа случаи со *зголемен број изостаноци* или *намален успех на учениците*. Со учениците кои покажуваа тенеденција на отсуство од наставата, работеше педагошко-психолошката служба и одделенскиот раководител, директорот и родителите. На истиот начин беа разрешувани проблемите со учениците кои покажуваа послаби резултати во наставата. На крајот на секој класификационен период, беше интензивирана соработката со учениците и нивните родители од страна на педагошко - психолошката служба, одделенските раководители и директорот, а беше организирана и дополнителна настава по предметите по кои учениците постигнуваа послаби резултати.

Во однос на **намалувањето на изостаноците**, **подобрувањето на успехот** и **редовноста на учениците**, беа организирани групни и индивидуални советувања на ученици и родители согласно Програма за советување на ученици и родители.

Во првото полугодие е реализирана 1 работилница со 3 родители на 3 ученици кои имаат негативна оценка по три и повеќе предмети и 2 работилници со 9 родители на 19 ученици кои имаат повеќе од десет неоправдани изостаноци.

Во второто полугодие е реализирана 1 работилница со 2 родители за 2 ученика кои имаат негативна оценка по три и повеќе предмети и 2 работилници со 7 родители на 7 ученици кои имаат повеќе од десет неоправдани изостаноци.

# 8. Работа со ученици со посебни потреби

Нашето училиште во делот на образовната инклузија соработува со Основното училиште со ресурен центар „ИДНИНА“ од Скопје, во делот на обезбедување на услугата образовна асистенција за учениците со посебни потреби. Целта на поддршката што ја даваат образовните асистенти е преку соработка со наставниците и со примена на методите на кооперативно учење и поучување да им помогнат на учениците со попреченост да учествуваат во воспитно-образовниот процес, максимално да ги реализираат своите потенцијали, да стекнат самостојност и социјална вклученост во училишната средина.

Во нашето училиште во учебната 2023/2024 година, вкупно 3 ученици со посебни образовни потреби имаат добиено препорака од Комисијата за функционална проценка за користење на услугата образовна асистенција и тоа по еден ученик во трето, шесто и деветто одделение.

За двајца ученика, според дадената проценка, наставата ја следат по ИОП и Модифицирана програма, без користење на образовна асистенција. За секој ученик е формиран Инклузивен тим за ученикот кој изготвува и ја следи наставата според индивидуален образовен план (ИОП)/Модифицирана програма како и Училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики на ниво на училиште.

# 9. Успехот и редовноста на учениците

Во ООУ „Илинден“ учебната година започна навреме, односно на 1 Септември и заврши на 17 јуни 2024 година. Во овој период се реализирани сите содржини кои се предвидени со наставните програми во 180 наставни денови. За првото полугодие реализирани, 82 наставни денови, а во второто полугодие се реализирани 98 наставни денови.

На почетокот на учебната година се запишани вкупно 546 ученици. Во текот на првото полугодие 9 ученика се испишани, а 3 се запишани, а во текот на второто полугодие се запишани 6 ученици, а 2 ученика се испишани, со што вкупната бројка на ученици на крајот на учебната година изнесува 543 ученици, од кои 4 ученика не се појавија на одделенскиот испит и се неоценети. 382 ученици се во матичното училиште, 101 ученици се во ПОУ Конопница, 58 ученици се во ПОУ Мождивњак 1 и 2 ученика се во ПОУ Мождивњак 2.

Во оваа учебна година, со описно оценување се опфатени учениците од I-III одделение или вкупно 138 ученици. Учениците од IV-IX се оценети со бројчани оценки или вкупно 405 ученици, од кои 399 ученици се оценети, а 4 ученици се неоценети и 2 ученика (V и VI одделение) се описно оцененти по Модифицирана програма. Од вкупниот број на ученици, 261 ученик имаат одличен успех, или 64,77%, 96 ученици имаат многу добар успех или 23,82%, 28 ученици имаат добар успех или 6,95%, 14 ученика има доволен успех или 3,47%, и 4 ученици се неоценети.

Во однос на успехот по одделенија, најдобар успех имаат учениците во IV одделение 4,64, потоа учениците од V одделение 4,55, учениците од VI одделение 4,46, учениците од VIII одделение 4,42, учениците од IX одделение 4.41 и на крај учениците од VII одделение со среден успех 4,39. На ниво на училиште средниот успех изнесува 4,51.

По однос на половата структура од 261 одлични ученици, 145 се женски. Од 96 ученици со многу добар успех, 37 се женски. Од 28 ученици со добар успех, 8 се женски и 14 ученички со доволен успех, 5 се женски.

По однос на успехот на учениците по предмети, може да се заклучи дека најдобар успех учениците покажуваат по предметите Музикчко образование 4,92, Ликовно образование 4,2. додека пак најслаб успех учениците имаат по предметите Биологија 4,01 и Хемија 4,03.

Во текот на оваа учебна година направени се вкупно 6610 изостаноци или 12,17 изостаноци по ученик.

Изречени се вкупно 7 педагошки мерки од кои 5 усна опомена, 1 писмена опомена и 1 укор на 6 ученици.

**Податоците за постигнатиот успех, редовноста и поведението кај учениците од I-IX одделение од учебната 2023/24 година подетално се прикажани во табеларните прегледи кои се дадени како прилог на овој извештај.**

# 10. Проекти кои се реализираат во училиштето

Оваа учебна година училиштето продолжи со реализација на активности од повеќе проекти:

- Од проектот **„Меѓуетничка интеграција во образованието"** оваа учебна година се реализираа активности по претходно изготвена програма од наставниците во рамките на училиштето, односно реализирани се голем број на самостојни мултикултурни работилници во училиштето преку ОЖВ и по многу други предмети. Нашето училиште аплицираше за грант за реализација на активности кои придонесуваат за унапредување на мултикултурализмот, мултиетничката интеграција и толеранција за 2023/2024 година и продолжуваат активностите со партнер училиштето ООУ„Симче Настовски" од Јажинце;

Училиштето продолжи со реализација на активности по претходно изготвена програма за **„Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем"**. Од овој проект во текот на ова полугодие се реализирани следниве активности:

- одбележан е 16 Септември – **,,Меѓународен ден за заштита на озонската обвивка"** преку читање реферат;
- одбележан е 22 Септември - **,,Меѓународен ден без автомобили"**;
- одбележан 08 Октомври - **Меѓународниот ден за намалување и уништување на природата**
- одбележан е 16 Октомври – **,,Меѓународен ден на храната"**- преку предметот Вештини за живеење и други предмети;
- Проектот **„Учиме низ игра со лего коцки"** со користење на лего коцки учениците имаа можност да развиваат и да применуваат еколошки решениа во секојдневниот живот за зачувување на планетата Земја.
- Проектот **„Безбедно училиште"** - Изготвен е кодексот на однесување на сите структури во училиштето. Во текот на учебната година се вршат презентации и работилници со актуелни теми од денешницата: конфликти, штетност од дрога, алкохол, а исто така се работеше на превенција на насилството и беа реализирани активности во прилог на намалување на насилството.

- Проектот **„АРИСЕ“ -** Целта на проектот е намалување на нееднаквоста во образованието. Опфаќа прашања поврзани со сиромаштијата и нејзиното влијание врз учениците. Во склоп на проектот нашето училиште ќе биде вклучено во обуки на наставниците за холистички училишен развој, менторирање и развивање на одржливи училишни практики со цел намалување на разликите и сиромаштијата.

Проектот е финансиран од Европската унија. Во проектот се вклучени 5 училишта од РС Македонија. Кај нас го спроведува фондацијата Чекор по чекор,а паралелно се имплементира уште во 6 држави и тоа Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Косово и Турција.

По основ на импламентација на проектот нашето училиште ќе добие 2000 евра за реалзиација на активности кои ќе произлезат преку менторските активности со наставниците, а каде се рефлектира потребата од акција за намалување на нееднаквоста во училиштето.

- Од минатата година со реализација започна проектот E= MD^2 - **Усовршување на математичкото образование преку (е-) дебата и различност во учењето“**

  (Диспраксијата е скриен хендикеп кој погодува околу 6% од европските ученици. Тоа има влијаније на 4 главни активности во училиштата: читање, пишување, аритметика и организација).

  Поради тоа овој проект има за цел да ги подобри математичките вештини кај учениците. Преку проектот ќе се изнајдат пристапи кон извонредност во математичкото образование преку зголемување на мотивацијата за учење во инклузивна училница. Преку активностите од проектот ќе се зголеми нивото на постигања по математика кај ученици со математички пречки (дискалкулија, дисграфија, математичка анксиозност). Паралелно наставниците ќе ги зајакнат своите компетенции, преку споделување знаење, размена на искуства и развивање на нови образовни пристапи кои ќе придонесат за проширување на знаењатата по математичкото образование во инклузивна училница. Фокусот на проектот ќе биде ставен кон учениците кои имат одредени лесни ментални пречки и кои одат заедно со нивните врсници во училиште. Проектот е финансират од Еразмус+ програмата, а се реализира во партнерство со Шпанија, Кипар, Романија, Хрватска и Република Северна Македонија.

- И оваа учебна година нашето училиште како едно од четирите пилот училишта е вклучено во проектот **„Училишта кои го промовираат здравјето“** - поддржан од МОН, Министерство за здравство и World Health Organization (WHO). За подигнување на свеста кај учениците за штетното влијание на тутунот врз здравјето на децата, на **31 Мај- „Светски ден без тутун“,** се одржа работилница.

- Нашето училиште во соработка со **Центар за социјални иницијативи „Надеж“** склучија Меморандум со цел заеднички да делуваат во јакнењето на

меѓусебната соработка, на начин со кој што ќе ги насочат своите напори кон поттикнување и афирмација на областите од заеднички интерес, како и во унапредување на соработката со други организации и институции.

- Проектот од ФУСМАК и ФФМ **„Фудбал во училиштето",** каде се опфатени учениците од второ и петто одделение и активно се вклучени и наставниците по предметот Физичко и здравствено образование .

- Проект **„Едукативно-креативен колаж за подобро ментално здравје",** реализиран од РЦС-Спректар Крива Паланка, со цел стекнување вештини за справување со емоциите. Работилниците беа реализирани во сесии наменети за наставниците со стручните соработници, учениците и родители. Исто така учениците преку арт терапија имаа можност за создавање на заедничка песна со текст и мелодија, преку студиско снимање и видео запис.

## *Други реализирани активности во училиштето се:*

- По повод 1-ви Септември во училишниот хол се организираше пригодна програма со свечен прием на првачињата на првиот училишен ден во присуство на родителите, наставниците, директорката и градоначалникот на Општината кои се обратија пред присутните и на првачињата им посакаа успешен почеток на нивното школување.

- Во периодот од месец октомври по повод Европска недела на спортот се одржаа спортски активности-забавни игри. Се реализираа општиснките натпревари во футсал во машка и женска категорија на кој учествуваат учениците од ООУ „Христијан Тодоровски Карпош- Ранковце, ООУ „ Св. Јоаким Крчовски" и ООУ „Илинден" Крива Паланка. Учениците од нашето училиште освоија второ место во машка и женска конкуренција.

- Во периодот од 15.10.2023 до 28.12.2023 година со учениците од второ до петто одделение беа спроведени активности од проектот **„Фудбал во училиште"** во соработка со ФФМ и ФУСМ.

- Во месец ноември со учениците од прво до петто одделение беа одржани активности на забавен училишен спорт на кои учествуваа ученици од централното и учениците од ПОУ „Илинден"од с.Конопница.

- Во месец ноември се реализираше општински натпревар во кошарка на кој машката екипа освои прво место, а женската екипа освои второ место.

- Во период во месец декември се одржаа зонските натпревари во кошарка, во машка конкуренција и нашата екипа освои второ место.

- Одбележување на Детската недела под мотото **„Јас и светот околу мене“** во светот сите сме еднакви, имаме исти права, но и обврски. Ние сме само еден дел од светот и сето она што се случува во него. Но, само од нас зависи како сето тоа ќе влијаее врз нас. Им посакавме добредојде на нашите првачиња во Детската организација кои даденото ,,Ветување“ едногласно го слушнаа и заедно го повторија.

- Во месец октомври преку најразлични активности по на ден 20.9.2023 година, во нашето училиште, со учениците од трето, четврто и петто одделение и нивните наставници се одржа еднодневна работилница преку која учениците се запознаа со проектот **„Боренка“** - проект за пошумување на опожарени подрачја, како и значењето и заштита на шумите.

- Одбележување на Месецот на штедење преку посета на експозитурата на УНИ Банка учениците од II-1, II-2 и I-3 одделение од нашето училиште на ден 26.10.2023 година и имаа можност искуствено да се запознаат со важноста на штедењето и начинот на работењето на банките;

- Месец на книгата е повод по кој учениците од ПОУ„Илинден“ од с.Мождивњак со нивните наставнички го посетија НУ Центар за култура - Крива Паланка.
  Учениците ја посетија библиотеката, ликовната изложба и кино салата. Се запознаа со вработените и научија нови работи за оваа институција. Беа потикнати во иднина да читаат повеќе лектири и книги.
  Благодарност до директорот и вработените на НУ Центар за култура -Крива Паланка кои несебично ги збогатија знаењата на учениците.

- Содржините кои учениците ги изучуваат по предметот Природни науки честопати полесно се усвојуваат кога ќе можат да се поврзат со секојдневниот живот. За таа цел петтоодделенците денес ги проширија своите знаења за метеоролошките појави, елементи и инструменти со посета на Метеоролошката станица во нашиот град.

- **„Кога теоријата се поврзува со праксата знаењата остануваат трајни“-** претставници од полициската станица, во нашето училиште со учениците од прво одделение реализираа едукативна работилница на тема **,,Сообраќаен Буквар"** - како да се однесуваме во сообраќајот.

- Нашите петтоодделенци во посета на Градски Музеј Крива Паланка на староградска етнолошка изложба <u>од Паланчани за Паланчани</u>, историски и археолошки оддел и изложбата на уметникот Роберт Цветковски- мал формат - ретроспектива.

- Учениците од 4 одделение од нашето училиште во посета на фабриката Дема Стил за производство на детски играчки и други производи за домаќинството.

- Одбележување на 3-ти декември - **Меѓународниот ден на лицата со попреченост**.Традиционално и оваа година нашите ученици во соработка со Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака" Крива Паланка, учествуваа на литературен и ликовен конкурс на тема: **„Обединети во активностите за спасување и постигнување на целите за одржлив развој"** и со своите ликовни и литературни творби го одбележаа меѓународниот ден и испратија јасна порака.

- Според програмата за заштита од насилство учениците учествуваа во повеќе едукативни работилници на тема **„Насилство, јавен ред и мир"**, и **„Последици од употреба на пиротехнички средства"**- организирани од претставници од ОВР-Крива Паланка

- Училиштето е средина каде учениците на најдобар можен начин учат за вредности на хумано општество. По тој повод претставници од Црвен Крст Крива Паланка одржаа работилница на тема за важноста и улогата на Црвениот крст. На работилницата децата научија дека сите треба да имаат еднаков статус, одговорност и должност взаемно да се помагаат. Беше промовирано заедничкото разбирање, пријателството, соработката и трајниот мир меѓу сите луѓе.

- Четврто меѓународно истражување за настава и учење ТАЛИС 2024- можност за наставниците и директорите да дадат придонес во анализата на образованието и развојот на политиките, спроведено од Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД). Во ова истражување учествуваа предметните наставници од шесто до деветто одделение.

- Нашето училиште учествуваше во големата еколошка акција насловена **,,Генералка викенд 2023 година''** и натпреварот **,,Генералка Арт'',** организиран со цел поттикнување на љубовта и креативноста на младата генерација кон своето родно место. Меѓу 250 испратени творби од целата држава, нашата ученичка Теодора Станковска се најде во трите наубави уметнички творби избрани од страна на соодветната жири комисија. Исто така, нашето училиште доби признание и колективна награда, голема ботаничка жардињера, со соодветна почва и со колекција на семиња за одгледување на одредени растенија од страна на учениците.

- Учениците од трето одделение од ООУ „Илинден" - Крива Паланка имаа несекојдневна можност да ја посетат фабриката за сокови ВИВАКС и да се запознаат со технологијата и начинот на производство на највкусните сокчиња ВИВА.

- На 15-ти декември учениците од петто одделение во посета на ПМФ, имаа едукативна работилница, како дел од Мрежата за искуствено учење, на тема **„Размножување на растенијата".**

- **„Весела новогодишна искра“**- учениците од ООУ „Илинден“ со наставниците, учествуваа по повод новогодишен настан преку одржан новогодишен хепенинг со новогодишни песни во централното училиште, со Новогодишен базар во ПОУ „Илинден“ од с.Конопница и прекрасни изведби со новогодишни точки во ПОУ „Илинден “ од с.Мождивњак.

- Од месец февруари, ученици од ученичкиот парламент заедно со стручниот соработник-психологот Снежана Јакимвска, реализираа Едукативна работилница **„Што е насилство?“-** со посебен акцент на Сајбер насилството. Учениците имаа можност да се запознаат со видовите на насилство, кои се карактеристиките на лицето кое трпи насилство и лицето кое е насилник, реакциите и последиците, како и превенција на насилство.

- Едукативна работилница во рамките на проектот **„Младите во дигиталниот свет“**- на Службата за спасување и помош Спасител-Крива Паланка.

- На 8-ми Март учениците од петто одделение, под менторсвво на своите одделенски раководители, по повод **„Меѓународен ден на жената“,** организираа креативни осмо-мартовски работилници.

- На 14-ти март шестоодделенците од нашето училиште имаа посета на Управата за хифрометеоролошки работи на Р. Северна Македонија и Сеизмолошка опсерваторија во Скопје- да ги надополат своите претходни знаења поврзани со времето, климата, временската прогноза, земјотресите и мерките за заштита.

- На 21-ви март со учениците од шесто одделение беше одржана презентација посветена на **Светскиот ден на поезијата.**

- Со учениците од подрачните училишта во ПОУ „Илинден“ од с.Мождивњак се изработуваа трдиционални мартинки кои ја симболизираа пролетта, но и доброто здравје.

- 1-ви април **„Првоаприлски маскенбал“-** со учениците од одделенска настава, заедно со своите ментори со многу групни најоригинални и креативни маски, го збогатија настанот кој беше организиран од Општина Крива Паланка и дел од учесниците од второ, трето и петто одделение добија признание.

- 8-ми април **„Меѓународен ден на ромите“** во нашето училиште со учениците од четврто одделение се организираше интеркултурна група, со меѓуетничка работилница во која учествуваа ученици од различни возрасти и националности.

- 22-ри април се одржа работилница на тема **„Цвеќе на пријателство“**, со учениците од прво и петто одделение, а исто така беше одбележан и Денот на планетата земја со засадување на цвеќе како симбол на пријателство, чиста и здрава животна средина, за здрав живот.

- На 26-ти април со учениците од прво, трето и петто одделение од ПОУ „Илиден“ од с.Мождивњак со нивните одделенски раководители одржаа работилница по повод Патрониот празник и претстојните Велигденски празници.

- По повод Патрониот празник на училиштето, се одржа и квиз на знаење по предметот Историја со учениците од осмо и деветто одделение под менторство на нивните наставници.

- Со меѓународниот проект **„Моќта на учителот во градењето на идната професија“** група на ученици од прво и петто одделение, имаа можност за посета на граничниот премин Деве Баир, каде се запознаа со работата на граничната полиција, царинската служба и шпедициите.

- На свечената академија во чест на просветителите 23-ти Мај „Св. Јоаким Крчовски“ и 24-ти Мај- денот на сесловенските просветите Свети Кирил и Методиј, свечено беа прогласени најдобите просветни работници и ученици за учебната 2023/2024 година, организирана од Општина Крива Паланка.

  За просветен работник во одделенска настава за учебната 2023/2024 година беше прогласен одделенскиот раководител: Живка Стоилковска
  За пренец на генерација за учебната 2023/2024 година беше прогласен ученикот: Теодора Станковска.

- Едукативна работилница организирана во соработка со Макпетрол **„Крени глас против врсничко насилство**“- нашите ученици и стручни соработници имаа можност да се запознаат со различни видови на насилство преку илустрација.

- Учениците од второ и четврто одделение од ПОУ „Илинден“ од с.Мождивњак, заедно со одделенскиот раководител, негувајќи ја традицијата и културното наследство беа во посета на Градски Музеј –Крива Паланка. Учениците однесоа стари предмети кои ги користеле нивните предци во минатото и ги збогатија знаењата за историјата, традицијата и културното наследство.

# 11.Извештај за работата на раководните, управните, стручните и други органи и тела во училиштето

## 11.1. *Извештај од работата на Директорот*

Директорот на училиштето во согласност со законските прописи и статутот на училиштето, обавува раководна функција која бара темелен, сериозен и одговорен пристап во работењето. Директорот го води училиштето во насока на трансформација и воведување иновации со цел подобрување на квалитетот на наставната и целокупното работење на училиштето. Појдовна основа за планирањето на работата на директорот на училиштето е законската регулатива и комплетната слика за потребите на корисниците на услугите - учениците и родителите, како и подобрување на условите за учење и подучување на реализаторите на воспитно образовниот процес. Во рамки на планирањето на работата директорот има сериозен приод кон зајакнување на компетенциите преку анализи на состојбите и препораки, постојано следење на работата и упатување на позитивни облици на однесување кои ќе се рефлектираат на подобар амбиент.

| Програмска содржина | Соработници и комуникација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Анализа на материјално техничката состојба во училиштето | Административно-технички персонал | Јули,август |
| Анализа на кадровската состојба - состојби и потреби | Директор, Секретар | Јули,август |
| Распределба на наставници по предмети и одделенија. Распределба на одделенски раководители во прво и шесто одделение | Наставници, Стручни соработници | Август |
| Формирање тимови за конкретни работни задачи,комисии и слично | Наставници, Стручни соработници | Континуирано |
| Организација на животот и работата во училиштето, распоред, задолженија и дежурства на наставниците и целиот персонал | Стручни активи, Стручни соработници | Август |
| Назначување ментори на приправниците | Наставник ментор, Стручни соработници | Континуирано |
| Соработка со Локалната самоуправа, Министерство за образование и наука и Бирото за развој на образованието | Министерство за образование, БРО, Локална самоуправа | Континуирано |
| Насоки и координација во планирањето и програмирањето | Директор, Стручни соработници | Август |
| Увид и учество во подготовките за прием на учениците во училиштето | Стручни активи, Стручни соработници, Одделенски раководители | Август |

| | | |
|---|---|---|
| Свечен прием на првачиња | Наставници, Стручни соработници | Септември |
| Увид во годишните и тематските планирања на наставниците | Директор, Стручни соработници, наставници | Септември |
| Работа со наставниците почетници | Стручни Соработници,наставник - ментор | Континуирано |
| Општествено корисна работа – одржување на училишните простории и дворот. | Директор, хигиеничари, Наставници, Ученици | Континуирано |
| Увид и давање на упатства за правилно водење на педагошката документација во училиштето | Директор, Стручни соработници, Наставници | Континуирано |
| Анализа, интерактивни состаноци со повратна информација и сугестии за подобрување на планирањата на работата на наставниците | Наставници, Стручни соработници, Наставници | Континуирано |
| Стручен и аналитички увид во сите планови доставени до директорот | Директор, Стручен соработник | Септември |
| Организација и одржување на прва седница на Ученички парламент | Стручен соработник, Наставници, Ученичка заедница | Септември |
| Планирање и програмирање на работа на Наставнички совет | Стручни соработници | Септември |
| Следење на планирањата на објективното оценување на учениците со поттикнување на самопроценување на приодот на наставниците | Стручни соработници, Наставници | Континуирано |
| Свикување конститутивна седница на Совет на родители | Помошник директор, Стручни соработници | Септември |
| Работа со одделенски раководители за реализација на одделенски часови | Директор, Стручни соработници, Одделенски раководители | Септември/ Континуирано |
| Подготовка и реализација на екскурзии | Директор, Стручни соработници, Наставници | Септември |
| Посета на часови од I до IX одд. | Директор, Стручни соработници | Континуирано |
| Преглед на одделенските дневници и главни книги | Директор, Комисија за преглед | Октомври |
| Следење на примената на нови наставни форми,методи и | Директор, Стручни соработници | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| средства во наставата | | |
| Организација и прием на првачињата во Детската организација | Одговорен наставник, Стручни соработници | Октомври |
| Усовршување на формите на соработка со родителите | Директор, Стручни соработници, Родители | Континуирано |
| Увид во работата на хигиеничарите | Директор, Помошник директор, Домаќин, Хигиеничари | Континуирано |
| Организација и одржување на Одделенските совети за првото тримесечје | Директор, Стручни соработници, Наставници | Ноември |
| Организација и одржување на Наставнички совет на крајот од првото тримесечје | Директор, Стручни соработници Наставници | Ноември |
| Учество на напредна обука за директор организирана од ДИЦ на тема:Финансиско раководење | Директор | Ноември |
| Изработка предлог финансов план и негово донесување согласно предвидените законски процедури | Директор,сметководител, Училишен одбор | Ноември |
| Соработка со учениците за одредени прашања на ниво на ученичка заедница, паралелки или индивидуално | Стручни соработници, Наставници | Континуирано |
| Индивидуални советувања на родители чии деца имаат потешкотии во учењето или покажуваат несоодветно однесување | Стручни соработници, Директор | Континуирано |
| Увид во работата на Стручните актив | Директор, Стручни соработници, Наставници | Континуирано |
| Следење на реализацијата на програмата за дополнителна и додатна настава како и примена на ИКТ во наставата | Директор, Стручни соработници | Континуирано |
| Обезбедување на училиштето со стручна литература | Наставници, Стручни соработници | Континуирано |
| Советодавна работа со учениците кои нередовно ја посетуваат наставата, или се недисциплинирани | Директор, Стручни соработници, Одделенски раководители | Континуирано |
| Организација на попис на ситен | | |

| | | |
|---|---|---|
| инвентар и на основни средства и благајнички записи,формирање на пописни комисии | Домаќин,<br>Сметководител,<br>Пописна комисија | Декември |
| Организација и подготовка за одржување на Одделенски совети на крајот од првото полугодие | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Декември |
| Организација и одржување на Наставнички совет на крајот од првото полугодие | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Декември |
| Изготвување на полугодишен извештај за работата на училиштето во првото полугодие | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Јануари |
| Состанок со Училишниот одбор-разгледување на полугодишниот извештај за работата на училиштето | Директор,<br>Секретар,<br>Сметководител,<br>Членови на УО | Јануари |
| Изготвување план за јавни набавки | Директор,<br>Сметководител | Јануари |
| Стручно усовршување на наставниот кадар и стручни соработници (интерни семинари,обуки од БРО) | Стручни соработници,<br>Наставници | Континуирано |
| Увид во работата на библиотеката- стручен и детски печат (списанија) | Директор,<br>Библиотекар | Февруари |
| Увид во работата на училишната заедница | Директор,<br>Одговорни наставници | Февруари |
| Учество на напредна обука за директор организирана од ДИЦ на тема: Мобинг,психосоцијални аспекти и законска заштита | Директор | Февруари |
| Транспарентно усвојување на завршна сметка | Директор,<br>Училишен одбор | Февруари |
| Учество на напредна обука за директор организирана од ДИЦ на тема: Инклузивноста-предизвик во училиштата, позитивни практики | Директор | Март |
| Планирање и подготовки за одбележување на Денот на училиштето, задолженија по активи, програма и сл. | Директор,<br>Стручни активи,<br>Стручни соработници | Април |
| Спроведување на уписот во прво одделение | Стручни активи,<br>Одговорни наставници | Мај |
| Организирање и реализација на Настава во природа | Одговорните наставници | Мај |

| | | |
|---|---|---|
| Организирање состанок на одделенската заедница и родителите на деветто одделение за полуматурска забава | Директор, Наставници, Родители | Мај |
| Присуство на обука: Унапредување на квалитетот на училиштата преку ревидирана рамка за оценување на квалитетот на училиштата, самоевалуација и развојно планирање | Директор, Помошник директор | 13.5.2024 |
| Состанок во ОУРЦ „Иднина“,Скопје заради договор инасоки за изготвување на Акционен план и идна соработка | Директор, Психолог | 14.5.2024 |
| Организација и учество на заеднички активности со партнер училиштето во рамки на МИМО проектот | Директор, Наставници, Стручни соработници | Јуни |
| Организација и одржување на Одделенски совети на крајот од учебната година | Директор, Стручни соработници, Наставници | Јуни |
| Анализа и утврдување на постигнатите резултати на учениците на крајот од учебната година на Наставнички совет | Директор, Стручни соработници, Наставници | Јуни |
| Организирање и свечено доделување на свидетелста и дипломите на полуматурантите и пофалените ученици | Директор, Одделенски раководители на деветто одделение | Јуни |
| Увид во изготвување на распоред за изведување на одделенски испити и формирање комисии за организирање на истите | Директор, Наставници | Јуни |
| Утврдување на успехот на учениците од одделенските испити на Наставнички совет | Директор, Стручни соработници, Наставници | Јуни |
| Подготовка за изработка на статистички и текстуален Годишен извештај за работата на училиштето | Директор, Стручни соработници, Наставници | Јуни |
| Изработка на Годишна програма за работа на училиштето | Директор, Стручни соработници | Јуни,јули |
| Организирање на доделување свидетелства за завршени одделенија | Директор, Одделенски раководители | Јули |
| Изготвување на предлог листа на нагледни средства и помагала кои | Претседатели на стручни активи, | Јули |

| | | |
|---|---|---|
| треба да се дообезбедат и докомплетираат и по одреден распоред да се стават во функција | Наставник-ментор | |
| Уредување на WEB страната на училиштето,како и објавата на активности на социјалните мрежи | Директор,<br>Одговорни наставници | Континуирано |
| Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето | Директор,<br>Наставници | Континуирано |
| Разгледување на Годишен извештај за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година и Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2024/2025 година | Директор,<br>Стручни соработници,<br>Наставници | Јули |
| Активно учество во работата на Училишниот одбор и спроведување на нивните одлуки | Директор,<br>Членови на УО,<br>Стручни соработници | Континуирано |
| Соработка со институции значајни за работата на училиштето:<br>-Центар за социјални работи,<br>-Општинска организација на Црвен Крст<br>-Здравствен дом Крива Паланка<br>-Невладини организации<br>-Европска куќа крива Паланка | Директор,<br>Наставници,<br>Стручни соработници | Континуирано |
| Следење и увид во работата на административната служба на училиштето | Директор,<br>Административна служба | Континуирано |

Изработил:
Директор**: Лорета Димитровска**

## 11.2. *Извештај за работата на Училишниот одбор*

**Училишниот одбор е составен од 7 члена** и работи соогласно сопствена Годишната програма за работа. Во текот на оваа учебна година сите седници се редовно одржани, со мнозинство на членовите од УО, а со нив раководи претседателот на УО. Состаноците се од отворен карактер и по потреба покрај членовите на УО присуствуваат и директорот, секретарот, стручната служба како и претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.

Училишниот одбор во текот на оваа учебна година се одржаани 8 седници на кои се разгледани поголем број на различни прашања и донесени одлуки за истите, меѓу кои:

- Усвојување на записници од претходните седници;

- Усвојување на Годишната програма за работа на училиштето и Извештајот за работа на училиштето во изминатата учебна година;
- Предлог за избор по објавен јавен оглас за пополнување на работно место;
- Предлог – Годишен финансиски план за 2024 година;
- Донесува одлука за спроведување попис;
- Разгледува и други прашања утврдени со Статутот на училиштето.

## 11.3. *Извештај за работата на Наставничкиот совет*

Наставничкиот совет во текот на оваа учебна година одржа 11 седници на кои беа разгледувни следниве аспекти на наставата:

- Запознавање со извршените подготовки за започнување на учебната година и конкретизирање на обврските и задолженијата на наставниците;
- Снабдување со учебници и инплементација на новата концепција за I-VI одделение;
- Одредување на одделенски раководители за I и VI одделение во матичното и подрачните училишта;
- Успехот, редовноста и дисциплината учениците по класификациони периоди;
- Предлози и мерки за подобрување на успехот и поведението;
- Извештај од реализирана екскурзија и есенски излет;
- Актуелни прашања од наставата и прашања од стручен карактер;
- Останати прашања поврзани со работата на училиштето.

## 11.4. *Извештај за работата на стручните соработници*

Стручната служба ООУ„Илинден" психолог, педагог, библиотекар, специјален едукатор и рехабилитатор имаат изготвено годишни програми за работа и во текот на оваа учебна година ги реализираа активностите планирани согласно со програматите за работа.

Стручните соработници своите работни должности ги извршуваат согласно Законот за основно образование; Статутот на училиштето и Инструментот за вреднување на постигањата на работните должности на стручните соработници.

Својата работа воглавно ја реализираа преку следниве подрачја :

- Планирање, програмирање и организирање на воспитно-образовната работа;
- Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето;
- Советодавно-консултативна работа со наставниците;
- Работа со учениците;
- Соработка со родителите;
- Аналитичко-истражувачка работа (изготвување на стручни материјали)
- Општо стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар;
- Водење педгошка евиденција и документација.

Во рамките на овие подрачја стручните соработници реализираа активности планирани со сопствените програмати за работа:

- подготовка на сопствената работа, изготвување на планирања и програми на ниво на училиште;
- соработка со наставниците и родителите;
- реализирање на групни и индивидуални советувања со родители и ученици кои имаат повеќе слаби оценки и имаат поголем број на изостаноци во наставта, чија цел е да се открие причината за слабите оценки и за големиот број на изостанувања од наставата и да се пронајде начин за подобрување на постигнувањата и намалување на нередовноста.
- советодавна работа со учениците, работа со деца со посебни образовни потреби; (нивно следење и пружање на дополнителна стручна помош за совладување на програмските барања, како и индивидуална работа со нив)
- стручна поддршка на учениците со потешкотии во развојот и на учениите од социјално загрозени семејства и соработуваа со пошироката општествена заедница;
- работа со надарени ученици и деца со посебни потреби;
- следење на успехот и напредокот на учениците во наставните и воннаставните активности;
- работа на унапредување на воспитно-образовната работа;
- работа  во комисии и работа во стручни органи и тела, посета на часови;
- активно учество во проектите и програмските активности во кои е вклучено училиштето;
- учество во изработка на статистички извештаи, анкети и анализи;
- организирање и водење на работата на училишната библиотека;
- следење на навременото вакцинирање на учениците;
- соработка со локалната средина и други институции;
- водење на професионално досие и педагошки картон на наставницте;
- водење на сопствена евиденција и документација;
- аналитичко-истражувачка работа и лично стручно усовршување
- активности за подобрување на безбедноста во училиштето и зголемување на мултиетничката интеграција и други тековни работи.

### 11.4.1. *Извештај за работа на  училишната библиотека во ООУ „Илинден“ Крива Паланка за учебната 2023-2024 година*

Во рамките на училиштето е организирана училишната библиотека како посебна единица на воспитно-образовниот систем на училиштата наменета за воспитно-образовните и културните потреби на учениците и наставниот кадар.

Со своите фондови им помага на учениците и наставниците во извршување на секојдневните задачи и осовременување и унапредување. Оттука, улогата и работата на библиотекарот како стручен соработник во училиштето произлегува од

динамичноста и комплексноста на активностите кои треба да ги реализира во училишната библиотека.

Училишната библиотека располага со:

- лектирни изданија;
- стручна литература;
- белетристика.

Исто така располага и со изданија на други јазици и тоа:

- српски;
- англиски;
- бугарски;
- романски;
- германски.

Најголем дел од книгите се за потребите на наставата по македонски јазик и литература, но има и книги од областа на други наставни предмети: историја, географија, биологија, физика итн.

Работното време на училишната библиотека е од 7:30 часот до 15:30 часот. Задолжувањето на учебници се врши со водење на записници, секој одделенски раководител прима учебници и на тој начин добива записник и ги задолжува целата учебна година. Секоја учебна година имаме нови учебници за учениците од прво, второ и трето одделение.

Во библиотеката го забележуваме секое издавање и примање на книги, список на членови, евиденција на прочитаното и евиденција на вратеното. Уредно и редовно водиме електронска евиденција на прием на учебници, организираме изложби од книги, литературни читања, како и зачленување на нови ученици од прво одделение. За нив во периодот на одбележување на Детска недела, подготвивме посебен прием во училишната библиотека и им посочивме колку е важно да се чита.

Во библиотеката се зачленети **420** ученика, кои добиваат членска картичка, а позајмувањето и враќањето на книгите ги забележуваме во картончиња. Секој ученик си има свое картонче нумерирано според бројот на членската картичка и во него е евидентирано секое задолжување на книги, со датум и секое враќање на истите е евидентирано со датум.

Училиштето располага и со фонд на учебници, кои учениците бесплатно ги добиваат и ги враќаат по завршување на учебната година. И во текот на оваа учебна година 2023/2024 кога имаме нова програма за учениците од I (прво), II (второ), IV (четврто) и V (петто) одделение и VI (шесто) одделение сите ученици навремено ги добија своите прирачници. За секој комплет од учебници водиме Записник кој е потпишан од одделенските раководители од една страна и од библиотекарот од друга страна. Секој записник го имаме и во електронска форма. Исто така добиваме

прирачници за Професионален и кариерен развој во основните училишта, а за нашите најмлади читатели добивме бесплатни книги донирани од фондацијата *MoneyGram* и од проектот на УСАИД „Со читање до лидерство".

Училишната библиотека во тековната 2023/2024 година беше збогатена со нови лектирни изданија, надополнета според потребите и недостатокот во библиотека, а наменети за учениците од прво до деветто одделение.

Според програмата предвидена за првото полугодие се реализирани активностите реализирани согласно програмата и тоа:

- Во текот на годината имавме посета во библиотека од првачињата од нашето училиште со цел да се запознаат што е библиотека, со што располага и на кој начин се користи;

- Посета на Гратската библиотека;

- Учениците од библиотекарската секција учествуваа во изработки на беџови по повод ,,Детската недела" и прием на првачиња во ,,Детска организација";

- Одбележување на Меѓународниот месец на училишните библиотеки, како и месецот на книгата кој го одбежавме со прекрасни литературни читања проза и поезија кои беа напишани од страна на учениците од предметна настава, а прочитани пред учениците од одделенска настава со цел да стекнат и тие навика за читање, пишување и убаво изразување;

- По повод Меѓународниот ден на жената, се реализираше литературно читање за најдобра творба со учениците од предметна настава, а учениците од одделенска настава учествуваа во изработка на различни честитки во повод празникот;

- Одбележување на месец Февруари, како месец на гласно читање, на начин што учениците твореа на дадена тема и своите творби ги споделија и прочитаа пред учениците и наставниците.

- По повод патрон празникот на училиштето се реализираа активности кои беа организирани од учениците членови на библиотекарската секција, кои преку литературни читања и учество во драма го збогатија настанот;

- По повод денот на Сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј, со изработени презентации се прикажа нивниот живот и дело и се покажа колку е важна нивната улога во просветителството;

Изготвил:

**Маја Митровска**

**Тања Ѓорѓиевска**

## 11.5. Извештај за работата на стручните активи

За успешно реализирање на наставниот процес наставниците од нашето училиште се групирани во 3 стручни активи:

- Стручен актив на одделенска настава;
- Стручен актив на општествено-јазично подрачје ;
- Стручен актив на природно-математичко подрачје.

Пред почетокот на учебната година стучните активи изготвија годишни програми со планирани активности кои треба да се реализираат за да се постигнат посакуваните цели и задачи. Активностите предвидени за учебната 2023/2024 година во целост се реализирани а се однесуваат на следните активности:

- усовршување и прилагодување на програмите на ниво на возраста на учениците;
- осовременување на наставата со воведување на новите техники на учење;
- соработка со родителите и учениците;
- работа со ученици со послаби постигнувања, подготовка на учениците за регионалните и државните натпревари;
- перманентно следење и оценување на учениците со различни инструменти , показатели, стандарди;
- подобрување на квалитетот на наставата преку внесување на современи методи,форми и нагледни средства во наставниот процес;
- зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците за сопствено напредување;
- дискутираа и разработуваа стручни теми за унапредување на воспитно-образовниот процес;

### *Годишен извештај за реализирани содржини од стручен актив за одделенска настава за учебната 2023/24 година*

| Ред број | Содржина | Реализатор | Време на реализација | Број на присутни наставници | Постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Извештај од Претседателот на стручниот актив на одд. настава за работата на активот за учебната 2022/23 година<br><br>Усвојување на годишната | Одговорен наставник Марија Тренчовска | 30.08.2023 | Сите членови на активот | Усвоена годишна програма |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | програма за работа на СА за учебната 2023/24 година | Живка Стоилковска | | | |
| 2. | Тема-Водење на педагошка евиденција и документација Разгледување на правилник за вонnаставни активности-секции, проекти,екскурзии -Тековни прашања | Реализатор-ментор Добри Јовевски | 02.10.2023 | 25наставници -членови на стручната служба | Стекнати нови знаења<br>Размена на искуства |
| 3. | 1. Предавање на тема-„Ставовите на наставниците кон ИОП“<br>2. Тема-Проект „Мрежа на искуствено учење“<br>3.Тековни прашања-договор за одбележување на новогодишните празници | Ангела Крстевски – Специјален едукатор и рехабилитатор<br>Живка Стоилковска -одделенски настаник<br>Сите наставници од активот за да се дадат предлози за одбележување на претстојните празници | 28.11.2023 | 25наставници -членови на стручната служба и волонтерот од Мировен корпус во нашето училиште. | Стекнување нови знаења за подобрување на инклузивната практика<br>Запознавање со проектот и создавање можност за посета на дадените места<br>Споделување искуства меѓу колегите |
| | | | | 24 | Сузе Спасовска - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | 1.Презентација на прирачниците кои ги нуди БРО<br><br>2.Играме игри со ДИСО<br><br>3.Тековни прашања | Реализатори (Сузе Спасовска и Јасминка Станковска)<br><br>Реализатори (Маре Ангеловска и Лида Тричковска) | 28.02.2024 | наставници - членови на стручната служба | презентација Личен развој за учениците за Vодделение - Откако беше направена една анализа на прирачникот за наставници ,преку 5 модули со зададени задачи во секој модул и преставена една задача како изгледа и треба да се работи,како втор реализатор се претстави наставничката<br><br>Јасминка Станковска со нејзината тема-Анализа на работните тетратки<br><br>Практична работа со ДИСО- наставничката Маре Ангеловска ,каде претходно |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | имаше своја најава за развивање на креативност кај најраната детска возраст и нејзино значење<br><br>Наставничката Лида Тричковска на многу интересен, забавен, креативен начин се претстави со игрите.<br><br>Во тековни прашања стручниот соработник - Психолог Снежана Јакимовска која не запозна со обуката што претходи за - Развивање на метално и психофизичко здравје кај учениците |
| 5. | 1.Тема- „ Еко работилница за поттикнување на | Реализатори - Емилија Рангелова и | 20.03.2024 | 16 наставници и 4 | Преку презентација Марија Тренчовска и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | еколошката свест за селектирање и рециклирање отпад “<br><br>2.Тековни прашања-договор за одбележување патрон празник, учество на маскенбал, запознавање со Здружението на одделенски наставници и нивните активности. | Марија Тренчовска | | претставници на стручната служба | Емилија Рангелова го истакнаа влијанието на човекот врз природата, океаните и нивното загадување, како да се спречи и како да е заштитат шумите. Потоа следуваше креативна еко работилница. |

Претседател на стручен актив:

**Живка Стоилковска**

***Годишен извештај за работа на стручен актив на општествено-јазично подрачје и природно-математичко подрачје за учебната 2023/2024 година***

| Ред. бр | Содржина | Реализатор | Време на реализација | Број на присутни наставници | Постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Формирање на стручниот актив<br><br>Изготвување програма за работа | Одговорен наставник Сања Јанковска<br><br>Сите наставници од активот за да се дадат предлози за изготвување на програмата | 30.08.2023 | Сите колеги од активот за да се изготви програмата | Изготвена годишна програма |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Планирање и организирање на вонннаставни активности | Добри Јовевски – наставник ментор и професор по одделенска настава | 12.10.2023 | 13 (тринаесет) | Стекнати нови знаења во врска со начинот на реализација на воннаставнит е активности<br>Размена на искуства |
| 3. | 1.Инклузијата во образовниот процес, инклузивни наставни стратегии<br>2.Давање предлози во врска со активности за одбележување на Новогодишните празници | Ангела Крстевски – училишен дефектолог<br>Сите наставници од активот за да се дадат предлози за одбележувањ е на претстојните празници | 27.11.2023 | 13 (тринаесет) | Стекнување нови знаења за подобрување на инклузивната практика<br>Споделување искуства меѓу колегите |
| 4. | Слика за себе и јакнење на самодовербата | Снежана Јакимовска – училишен психолог | 15.02.2024 | | Јакнење на сопствените способности и вештини, имање поголема самопочит<br>Споделување искуства меѓу колегите |
| 5. | Воспитание во современ контекст: Развивање социо-емоционални вештини кај учениците | Сашко Спасовски – наставник по германски јазик | 04.04.2024 | 11 (единаесет) | Стекнати нови знаења: Јакнење на социо-емоционалнит е вештини и учење<br>Размена на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | искуства |
| 6. | 1.Влијанието на вештачката интелигенција врз образованието<br>2.Давање предлози во врска со активности кои би влегле во годишната програма за работа на училиштето | Влатко Спасовски – наставник по германски јазик<br>Сите наставници од активот за да се дадат предлози за активности за годишната програма за работа на училиштето | 22.05.2024 | 10<br>(десет) | Стекнување нови знаења-алатки кои можеме да ги користиме за примена на вештачка интелигенција во работата на часот и училишните активности |

Претседател на стручен актив:

**Сања Јанковска**

***Годишен извештај за реализирани содржини од стручен актив Природно - математичко подрачје за учебната 2023/24год. и***

| Ред. бр | Содржина | Реализатор | Време на реализација | Број на присутни наставници | Постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Формирање на стручниот актив<br>Изготвување програма за работа | Одговорен наставник Сања Јанковска<br>Сите наставници од активот за да се дадат предлози за изготвување на програмата | 30.08.2023 | Сите колеги од активот за да се изготви програмата | Изготвена годишна програма |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Планирање и организирање на вонnаставни активности | Добри Јовевски – наставник ментор и професор по одделенска настава | 12.10.2023 | 13 (тринаесет) | Стекнати нови знаења во врска со начинот на реализација на вонnаставните активности<br>Размена на искуства |
| 3. | 1.Инклузијата во образовниот процес, инклузивни наставни стратегии<br>2.Давање предлози во врска со активности за одбележување на Новогодишните празници | Ангела Крстевски – училишен дефектолог<br>Сите наставници од активот за да се дадат предлози за одбележување на претстојните празници | 27.11.2023 | 13 (тринаесет) | Стекнување нови знаења за подобрување на инклузивната практика<br>Споделување искуства меѓу колегите |
| 4. | Слика за себе и јакнење на самодовербата | Снежана Јакимовска – училишен психолог | 15.02.2024 | | Јакнење на сопствените способности и вештини, имање поголема самопочит<br>Споделување искуства меѓу колегите |
| 5. | Воспитание во современ контекст: Развивање социо-емоционални вештини кај учениците | Сашко Спасовски – наставник по германски јазик | 04.04.2024 | 11 (единаесет) | Стекнати нови знаења: Јакнење на социо-емоционалните вештини и учење<br>Размена на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | искуства |
| 6. | 1.Влијанието на вештачката интелигенција врз образованието<br>2.Давање предлози во врска со активности кои би влегле во годишната програма за работа на училиштето | Влатко Спасовски – наставник по германски јазик<br>Сите наставници од активот за да се дадат предлози за активности за годишната програма за работа на училиштето | 22.05.2024 | 10<br>(десет) | Стекнување нови знаења-алатки кои можеме да ги користиме за примена на вештачка интелигенција во работата на часот и училишните активности |

Претседател на стручен актив:

**Оливер Георгиевски**

## *11.6.Извештај за работата на Совет на родители*

**Советот на родители** соработуваше со директорот, наставниците и стручната служба, и со свои претставници учествуваше во работата на Училишниот одбор. За оваа учебна година се одржаа 4 седници на кои се разгледуваше:

- Кооптирање на нови членови во Советот на родители;
- Избор на претседател на Совет на родители;
- Избор на претставник за член на Училишен одбор;
- Запознавање со Извештајот за работата на училиштето за претходната учебна година;
- Запознавање со Годишната програма за работа на училиштето;
- Запознавање со Годишната програма за работа на Совет на родители;
- Запознавање со планираните проекти, планираните екскурзии во училиштето, како и со Комисија за реализација на екскурзиите;
- Вклученост на родителите во  активности на училиштето;
- Учество во избор на понудувач за осигурување на учениците;
- Мислење за програма за реализација на екскурзии во училиштето;
- Успехот, редовноста  и поведениета на учениците;
- Извештај од реализирани екскурзии и есенски излет;
- Предлог иницијативи за спроведување на активности за одбележување на Нова година;

- Начинот на одвивањето на воспитно-образовната работа на училиштето и се даваа мислења и предлози за унапредување на истата. На состаноците се разгледуваше и безбедносната состојба во училиштето.

### 11.7. *Извештај за работата на Училишната заедница*

Во нашето училиште активно работеа **Ученичкиот парламент** и **Детска организација**. Членови на овие групи се претставници од сите паралелки кои ги претставуваа интересите на учениците, организираа редовни состаноци според изготвена програма за работа. Со учениците се работеше на зајакнување на капацитетите на училишната заедница со редовни состаноци.

### 11.7.1. *Извештај од работата на Ученички парламент*

Според предвидената годишна програма за учебната 2023/24 година реализирани се следниве активности:

| Ред бр. | Активност | Време | Заклучоци |
|---|---|---|---|
| 1 | Дневен ред:<br>1.Запознавање на учениците со значењето и обврските на Ученичкиот параламент<br>2.Презентација на годишната програма на УП<br>3.Зошто е потребно да се формираат ученички тела (формирање и функционирање)<br>4.Тековни прашања | 28.09.2023 год почеток во 11:15 часот | Одржан состанок со претставниците, а воедно и членови на училишниот парламент од второ до деветто одделение , директорката на училиштето Лорета Димитровска, психологот Снежана Јакимовска и педагогот Анета Илиевска. Состанокот го водеше претседателот на училишниот парламент Билјана Јовановска која даде кратки информации за задачите и обврските на членовите на парламентот. Исто така обраќање имаа директорката на училиштето, психологот Снежана Јакимовска и педагогот Анета Илиевска, кои дадоа образложение за правата и обврските на учениците, за работата и значењето на парламентот. Директорката ги поздрави членовите и даде комплетна поддршка на ученичкиот парламент. |
| 2 | Дневен ред:<br>1.Избор на раководство на Ученичкиот парламент | 03.10.2023 година со | Одржан состанок со членовите на училишниот парламент. На состанокот беше дадено предлог за избор на правобранител на ученичкиот парламент,додека пак |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 2.Тековни прашања | почеток во 11:15 часот | претседателот останува истиот од минатата година со важечки мандат,двајца заменици на правобранителот и записничар од страна на учениците. По пат на тајно гласање беа избрани раководните тела на парламентот и тоа:<br>Претсеател:Божица Ивановска VIII 3<br>Правобранител:Ина ДимитровскаVII1<br>Секретар:Нина Михајловска IX 3<br>Заменик претседател: Ева Стојановска VIII<br>Заменик правобранител: Марија Стојановска ПОУ„Илинден' с.Конопница<br>Заменик правобранител:Алекс Митовски VII 3<br>Благајник:Мелани Бошковска VIII1 |
| 3 | Дневен ред:<br>1.Одбележување на 11 Октомври<br>2.Тековни прашања | 10.10.2023 година со почеток во 9:00 часот | Одржан состанок со училишниот парламент.На состанокот беа свикани учениците од VI до IX одделение.Беше разговарано за тековните активности,за организирање на меѓуодделенски натпревари во кошарка и футсал.На состанокот беше договорено натпреварите да се организираат од 17-21 Октомври. Учениците се договорија самостојно да се организираат како би стекнале знаење и искуство за организација.Исто така беше разговарано и за разни активности како би се подобрила работната атмосфера во училиштето. |
| 4 | Дневен ред:<br>1.Кодекс на однесување | 13.10.2023<br>со почеток во 10:30 часот | На состанокот детално презентираа сите точки и се разговараше за темите. Беше образложено колку е важно да се следи и почитува кодексот на однесувањето и куќниот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ред.Учениците ги кажаа своите мислења што треба да се додаде во куќниот ред и кодекс на однесување.Беше даден предлог како би се избегнала нееднаквоста помеѓу учениците. |
| 5 | Дневен ред:<br><br>1.Хуманитарна акција<br>2.Тековни прашања | 16.10.2023 со почеток во 10:00 часот | Одржан состанок на тема „Бидете хумани,спасете живот„.На состаникот се дискутираше дека итно е потребно да се соберат парични средства за операција на наше другарче од ООУ„Јоаким Крчовски“.Финансиските средства треба да се соберат до 18.10.2023 година и да се уплалат на жиро сметка.Се договоривме да се донираат пари во висина не помала од 20 денари како би се собрале повеќе финаасии. Во акцијата учествуваа сите ученици од централното и подрачните училишта како и сите вработени во училиштето.Акцијата  беше успешно спроведена и беа собрани вкупно 28660 денари и истите беа уплатени. |
| 6 | Дневен ред:<br><br>1.Еколошка едукација во образовниот систем<br>2.Тековни прашања | 08.11.2023 со почеток во 10:00 часот | Беше разговарано да се организираат еколошки акции-собирање на пластика која ќе се продава во отпад,а паричните средства да се користат за потребите на учениците. |
| 7 | Дневен ред:<br><br>1.Новогодишна магија<br>2.Тековни прашања | 12.12.2023<br><br>Со почеток во 12:00 часот | Одржан состанок на тема Новогодишна магија во нашето училиште(украсување и уредување на училиштето).Исто така беше разговарано да се одржи Новогодишна приредба.На состанокот беше дискутирано како и со што да се уреди училиштето за новогодишните празници се со цел да се добие пријатна празнична атмосфера.Од страна на учениците беа дадени повеќе предлози за набавка на украси но истите да бидат изработени од самите ученици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | и од рециклиран материјал.Исто така беа формирани работни групи во училиштето каде што со материјали од училиштето беа изработени декорации.Исто така се договоривме за одржување на новогодишна приредба за учениците од прво до петто одделение. |
| 8 | 1.Забранета злоупотреба на пиротехнички средства | 18.12.2023 со почеток во 10:30 часот | Одржан состанок на тема „Забранета злоупотреба на пиротехнички средства“.Од страна на учениците беше изготвено соопштение за забранета злоупотреба на пиротехнички средства како не би дошло до несакани повреди кај учениците. Соопштението беше прзентирано на сите ученици од прво до деветто одделение. |
| 9 | 1.Презентација „Сајбер насилство“ | 25.12.2023 со почеток во 10:30 часот | Одржан состанок на тема „Сајбер насилство“.Презентацијата беше спроведена од страна на учениците Лука Димитровски, Мила Стојановска и Божица Ивановска под раководство на психологот Снежана Јакимовска. Презентацијата беше спроведена кај учениците од шестите одделенија. |
| 10 | Дневен ред:<br><br>1.Анализа на постигнатиот полугодишен успех<br><br>2.Запознавање со педагошки мерки | 31.01.2024 | Одржан состанок на тема „Анализа на постигнатиот полугодишен успех и запознавање со педагошките мерки“. Анализата на учениците ја образложи психологот Снежана Јакимовска. Се дискутираше за подобрување на успехот и дисциплината ,но и за мерките кои се изречени на одредени ученици. Беше образложено како редоследно и по кои критериуми се изрекуваат мерките. |
| 11 | Дневен ред:<br><br>1.Подобрување на успехот, поведението и дисциплината на учениците | 19.02.2024 | Одржан состанок на тема „Подобрување на успехот, поведението и дисциплината на учениците“. Исто така беше разговарано и за климата и безбедноста во нашето училиште. Од страна на учениците беа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | наведени некои предлог мерки за безбедноста и здравјето на учениците (подобрување на безбедноста околу училиштето пред почетокот на наставата,повеќе дежурства во ходниците,подобрување на хигиената посебно во вецињата). Исто така беа дадени предлози за уредување на холот на училиштето,уредување на спортското игралиште и доколку е можно пуштање на музика во холот за време на одморите. |
| 12 | Дневен ред:<br>1.Одбележување на „Меѓународен ден на мајката“ | 01.03.2024 | Одржан состанок за одбележување на „Меѓународниот ден на мајката“. На состанокот се формираа работни групи за изработка на честитки.Исто така беше изготвена видео презентација со учениците кои го честитаат денот на мајката и истиот беше објавен на социјалните мрежи. |
| 13 | Дневен ред:<br>1.Одбележување на првоаприлска шега | 20.03.2024 | Одржан состанок за првоаприлска шега каде што беше договорено учениците од одделенска настава да земат масовно учество на дефилето кое  беше планирано да се одржи од училиштето до плоштадот на Крива Паланка. |
| 14 | Дневен ред:<br>1.Доделување на финансиска помош | 03.04.2024 | Одржан состанок на кој беше дискутирано за доделување на финансиска помош за ученичка од ПОУ“ИЛИНДЕН“ од село Мождивњак од VI одделение за да може непречено да оди со другарчињата на дводневна екскурзија која ќе биде одржана на 15 и 16.04.2024 година |
| 15 | Дневен ред:<br>1.Презентација за „Сајбер насилство“ | 08.04.2024 | Се одржа презентација за „Сајбер насилство“ изработена од учениците од деветто одделение кои учествуваат во ученичкиот парламент во координација и предводени од психологот Снежана Јакимовска. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16 | Дневен ред:<br>1.спортски натпревари по повод патрон празникот на училиштето | 12.04.2024 | Одржан состанок за спортски натпревари во рамките на училиштето по повод патрон празникот на училиштето. Беше договорено да се одржат натпревари во футсал во машка и женска конкуренција од централното и подрачните училишта на ООУ„ Илинден“ Крива Паланка , се со цел да се развива спортскиот дух на учениците и љубовта кон спортот. Се одржаа повеќе натпревари каде што учениците земаа масовно учество. |
| 17 | Дневен ред:<br>1.Согледување на работата и активностите на ученичкиот парламент | 10.06.2024 | Одржан состанок за согледување на работата и активностите на ученичкиот парламент. Од страна на учениците беше истакнато дека ваквата тимска работа допринесува повеќе дружење, подобрување на условите и правата на учениците во училиштето, дека доаѓаат до повеќе информации за работата на училиштето и постигањата на учениците. Беше даден предлог за повеќе активности на отворено,да се организираат повеќе излети, еколошки акции и активности кои ќе придонесат подобрување на работната клима во училиштето но и во општината. |

Изготвил:

**Билјана Јовановска**

### 11.7.2. *Извештај за работа на Детската организација*

Содржините во наставните планови и програми, особено часовите на одделенската заедница на кои се спроведуваат активности во рамките на Проектот за „Образование за животни вештини“ и Проектот за „Меѓуетничка интеграција во образованието“ кои преку планираните содржини и активности по предмети, целосно го поттикнуваат развивањето на истите и емоционалниот, личниот и социјалниот развој на учениците од различна родова и етничка припадност. Со ставање акцент на: јакнење на самодовербата, секојдневна соработка, меѓусебно договарање, рзрешување на конфликтите на најсоодветен начин.

При реализирањето на наставните програми училиштето ги следи приориотетите на Општината и имплементира содржини.

**Активности кои се реализирани во текот на учебната 2023/2024 година**

Реализирани се повеќе активности почнувајки со прием на првачиња **01.09.2023** год.со пригодна програма беа пречекани новите првачиња кои потоа стапија во детската организација. Првачињата од нашето училиште со свечено ветување и пристапија на Детската организација. По тој повод се одржа свечена приредба од повозрасните ученици.

**21.09.2023-** одбележување на **„Меѓународен ден без автомобили“**

**05.10.2023** - Светски ден на учителот (Teachers' Day), одбележан со пригодниот реферат по разглас и едукативните активности на наставните часови коишто имаа за цел кај учениците да поттикнат развивање чувство на почит кон благородната работа, трудот и ангажманот на учителите;

**02-08.10.2023** - Во овој период со низа активности и манифестации се одбележа Детската недела под овогодинешното мото **„Јас и светот околу мене“**. На почетокот на седмицата одделенските раководители на одделенскиот час ги истакнаа одредбите од конвенцијата за правата на детето.

**31.10.2023 година-** По повод Светскиот ден на штедењето, преку конкурс учениците од основното образование испратија литературна и/или ликовна творба на темата: **„Штедам за моите желби, штедам за мојата иднина“.**

Гостување во SBOH ООУ „Илинден“ реализира своето медиумско претставување во рамките на единствената контактно училишна програма „SBOH“. Целта на гостувањето беше да се претстави училиштето со сите активности, проекти што се реализираат од страна на учениците, наставниците. Во емисијата учениците настапија со ритмички точки, драматизации, рецитации, мали креативци – ликовни уметници.

**20.11.2023** - Одбележување на Светскиот ден на детето преку пригодна приредба со реферат за **„Конвенцијата на правата на децата“,** литературно читање на поетски творби за децата како наше најголемо богатство и реализација на разновидни креативни и едукативни активности од страна на учениците и наставниците;

**07.12.2023** - Св. Климент Охридски, одбележан преку пригоден реферат за ликот и делата на Св.Климент Охридски, презентации, информативни текстови и творење творби (литературни и ликовни) за неговото значење за нашата татковина, за нашиот народ и за нашата писменост, како и вреднување на неговата просветителска дејност;

**14.12.2023** - Уредување и украсување на училишниот ентериер (ходници, катчиња и училишни/училнички паноа) со уметнички изработки во зимски и новогодишни мотиви и декорации од страна на учениците со цел развивање на креативноста и на уметничкиот порив и создавање потопол училишен ентериер и предновогодишно весело расположение. Со активностите на Детската организација се запознаени родителите, локалната заедница и општата јавност преку веб страницата на училиштето.

**21.02.2024** – Ден на мајчиниот јазик учениците од нашето училиште учествуваа на литературниот конкурс

Одржување на Велигденска работилница која традиционално се одржува во нашето училиште.

**8 Мај**- Меѓународен ден на Црвен крст- одбележан преку пишување на есеи.

